**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА УПОТРЕБАТА НА СВЕТЛОСНАТА И ЗВУЧНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И НА ДРУГАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува употребата на светлосната и звучната сигнализација, како и на другата техничка опрема од страна на финансиските полицајци.

Член 2

Службените возила на Управата за финансиска полиција имаат вградено треперливо сино светло во предната маска како и уред за давање звучни знаци во низа тонови со различна висина кои се користат при извршување на службените задачи.

Со употребата на светлосната и звучната сигнализација се бара право на првенство на минување во однос на другите возила во сообраќајот при извршување на работите од надлежност на Управата за финансиска полиција, односно во случаите:

- при приведување;
- при лишување од слобода;
- при задржување;
- при привремено одземање на предмети;
- при примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци согласно со Законот за кривичната постапка.

Член 3

Службените возила на Управата за финансиска полиција можат да бидат посебно обележани и тоа со налепница на која е нацртан симболот на Управата за финансиска полиција и тоа на: капакот над моторот и странично на двете предни врати на службените возила.

Член 4

Техничка опрема која се употребува од страна на финансиските полицајци се: преносни компјутери, преносни дискови, скенери и принтери, форензичка компјутерска опрема, дигитални камери и фотоапарати, диктафони и друга техничка опрема.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за примената на криминалистичко-тактичките мерки и употребата на техничката опрема („Службен весник на Република Македонија" бр.69/2009).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.__________
_____
___________2014 година
Скопје

Зоран Ставрески
Министер
за финансии